КОМУНАЛНО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
НИСКОГРАДБА
БИТОЛА

КЈП НИСКОГРАДБА

Бр. 01-742/1-1

13 07 2026 год.

Битола

До

Совет на Општина Битола и Општина Битола
-Градоначалник, Д-р Тони Коњановски

ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА КЈП"НИСКОГРАДБА"- БИТОЛА ЗА ПЕРИОД ОД

01-01-2026 ДО 30-06-2026 г.

Битола, 13.07.2026 год.

КОМУНАЛНО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ „НИСКОГРАДБА" ДОО БИТОЛА

ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ

ТАБЕЛА НА ПРИХОДИ

Конто	ПРИХОДИ	Остварени приходи 01.01-30.06. 2025 (3)	Остварени и предвидени приходи од 01.01-30.06 2026 (4)	Индекс 4 : 3
7400	Приходи од услуги општа даночна стапка	18.623.737,00	18.045.903,00	0.97
7401	Приходи од услуги повластена даночна стапка	8.375.787,00	6.375.827,00	0.76
7402	Приходи од канализација - домаќинства	38.789.658,00	26.902.970,00	0.69
7403	Приходи од канализација-правни лица	0.00	11.804.802,00	/
745	Приходи од употреба на сопствени производи	0.00	877.113,00	/
769	Останати приходи од работењето	75.678,00	54.580,00	0.72
7741	Приходи од камати	506.444,00	397.570,00	0.78
7799	Останати финансиски приходи	4.926,00	9.480,00	1.92
	Вкупно	**66.376.230,00**	**64.468.032,00**	**0.97**

Анализирајќи ја горенаведената табела на приходи до првото полугодие од оваа година споредено со истиот период од 2025 година може да се забележи дека остварените приходи во 2026 година се намалени за 3% или изразено во бројки за околу 2.000.000,00 денари.

Кај приходите од услуги (градежни работи) по општа даночна стапка од 18% се забележува намалување од 3% или изразено во бројки за 577.834,00 денари.

Во приходи од услуги со 5% ДДВ , книжени на конто 7401, спаѓаат приходите од зимско одржување на улиците, истите се намалени за 23% или изразено во бројки околу 2.000.000,00 споредбено со првото полугодие од минатата година од причини што немаше врнежи од снег и зимската служба работеше со помал интензитет.

Од оваа година приходите од надоместок за канализација се поделени на различни конта – конто **7402 за физички и конто 7403 за правни лица**, па поради тоа не постои можност за споредба со истите во 2025 год. каде овие приходи се евидентираа на едно конто.

Во првото полугодие во 2026 приходите за канализација од физички лица изнесуваат 26.902.970,00 денари и од правни лица 11.804.802,00 денари или вкупно 38.707.772,00 што е скоро идентично со износот на истите во 2025 год. Овие приходи можат да варираат во зависност од потрошувачката на вода, а се фактурира на потрошени м3 вода по мерни состојби добиени од ЈП Водовод како и од ЈП Стрежево за технолошката вода. Во 2026 година фактурирањето за извршената услуга кон корисниците по м3 одведување на води се врши по нова цена добиена од регулаторна комисија која е повисока од цената во 2025 година.

Приходи од употреба на сопствени производи во првото полугодие на 2026 година изнесуваат 877.113,00 денари.

Останатите приходи од работењето се намалени за 28 % во споредба со истите во 2025 год.

Приходите од камати во првото полугодие од 2026 година се намалени 22% и истите се однесуваат за изготвени каматни листи за правни лица како и за тужени корисници на канализациона мрежа кои обврските ги плаќаат со спогодба на рати.

Останати финансиски приходи за првото полугодие во 2026 година изнесуваат 9.480,00 денари.

ТАБЕЛА НА ТРОШОЦИ

	Вид на расход	Остварени расходи 2025 (2)	Остварени и предвидени расходи 2026 (3)	Индекс 3 : 2
400/401	Потрошени суровини и материјали	6,534,602.00	7,550,000.00	1.16
402	Потрошена енергија	2,074,862.00	1,808,050.00	0.87
408	Отпис на ситен инвентар	271,830.00	44,924.00	0.16
410/411	Поштенски, телефонски GPJ и интернет услуги	418,464.00	385,668.00	0.92
4136	Услуги за одржување на опремата	1,582,641.00	1,283,167.00	0.81
41390	Услуги за обезбедување на имотот	894,500.00	1,022,000.00	1.14
414	Закупнина	40,000.00	60,000.00	1.50
415	Комунални услуги	197,200.00	212,217.00	1.08
4198	Производни услуги	2,945,005.00	2,557,934.00	0.87

41989	Услуги за читање на водомери	618,000.00	618,000.00	1.00
41991	Услуги од агенции за вработување	701,394.00	1,512,988.00	2.16
421	Бруто плати	45,467,155.00	46,158,598.00	1.02
430	Амортизација	6,000,000.00	6,000,000.00	1.00
422	Останати трошоци на вработените регрес, отпремнина и помошти	874,871.00	843,768.00	0.96
440	Дневници за службен пат	201,013.00	266,324.00	1.32
441	Надомести на трошоци на вработените и подароци	960,719.00	65,785.00	0.07
442	Трошоци за Управен и Надзорен О.	356,668.00	396,692.00	1.11
417/443 444	Реклами, репрезентација и спонзорство	1, 174,650.00	519,018.00	0.44
445	Премии за осигурување	829,637.00	913,326.00	1.10
446	Банкарски услуги и платен промет	450,685.00	453,956.00	1.01
447	Даноци кои не зависат од резултат админ., судски и др. Давачки	142,452.00	404,322.00	2.84
449	Останати трошоци од работењето	627,653.00	1,019,026.00	1.62
4660	Отпис на побарувања	31,262.00	5,319.00	0.17
468	Надомести на штети од дејноста	30,810.00	0	
46920	Дополнително утврдени расходи од минати години	378,301.00	1,693,643.00	4.48
474	Камати од работењето со неповрзани друштва	129,304.00	884,947.00	6.84
	ВКУПНО :	**73,933,678.00**	**76,679,672.00**	**1.04**

Анализирајќи ја табелата на трошоци во првото полугодие од 2026 година во споредба со 2025 година, вкупните трошоци се зголемени за 4 % или за околу 3 милиони денари.

- потрошените суровини и материјали се зголемени за 16 % споредено со овој вид на трошоци направени во 2025 година.

- трошоците за енергија се намалени за 13 % споредено со истите во 2025 година и истите зависат од видот на работата и цената на енергенсите.

- трошокот за отпис на ситен инвентар е намален во споредба со 2025 година за 226,906.00 денари и истиот зависи од вредноста на набавената ХТЗ опрема во наведениот период.

- трошоците за поштенски, телефонски, интернет и GPS услуги во првото полугодие од 2026 година се намалени за 8% с во споредба со наведенит период од 2025 година.

- трошоците за тековно одржување на возилата и опремата покажуваат намалување за 19% во споредба со истите во 2025 година.

- трошоците за обезбедување на имотот се зголемени за 14 % споредено со истиот период од 2025 година.

- трошоците за закупнина изнесуваат по 10.000,00 илјади денари месечно и истите се однесуваат за наплатниот центар.

- трошоците за комунални услуги покажуваат зголемување за 8%.

- производните услуги во 2026 година покажуваат намалување од 13% и истото е резултат на намалување на ангажирањето на под изведувачи во Зимска служба, заради намалениот обем па работа во истата.

- трошоците за читање на водомерите од ЈП Водовод и ЈП Стрежево секоја година се исти (12 месеци по 93.000,00 илјади денари за состојбите од ЈП Водовод и 10.000,00 илјади денари за состојбите од ЈП Стрежево),

- трошоците за извршени услуги од агенции за вработување се зголемени и изнесуваат 811.594,0000 денари за првото полугодие од 2026 година, поради зголемен број на вработени преку агенцијата за вработување.

- кај бруто платите во споредба со 2025 година постои зголемување за 2%.

- амортизацијата не е книговодствено пресметана и истата за првите шест месеци би изнесувала околу 6,000,000.00 милиони денари,

- Останати трошоци па вработените изнесуваат 843.768.00 денари и споредено со истиот период во 2025 година се намалени за 4%. Во овие трошоци влегуваат исплатени регреси, помошти, отпремнини и јубилејни награди и истите не зависат од залагањето на вработените.

- трошоците за службени патувања и другите надоместоци на вработените каде влегуваат трошоците за образование и усовршување на вработените се зголемени за околу 65.311,00 денари во споредба со истиот период од 2025 година.

- трошоците за УО и НО се зголемени за 11% споредено со 2025 година, но ваквото зголемување се јавува како резултат на задоцнето исплаќање на паушалот за 12 месец 2025.

- трошоците за реклами, репрезентација и спонзорство се намалени за 655,632.00 денари, односно за 56%. Во овие трошоци влегуваат и средствата што им се префрлаат на синдикатите за нивното тековно работење.

-премиите за осигурување на имот се зголемени за 10% споредено со истиот период од 2025 година и изпесуваат 913.326,00 денари. Оваа година во овој трошок е вклучено и колективното осигурување на вработените.

- трошоците за даноци, административни, судски и други давачки се зголемени за 261.870 денари и истите не зависат од залагањето на вработените.

- останатите трошоци од работењето се зголемени за 62 %, во овие трошоци влегува издатокот за адвокатски, компјутерски и други услуги, поради зголемен број на тужби кон физички и правни лица.

- вредносно усогласување на побарувањата значи извршени отписи на ненаплатливи застарени побарувања од физички и правни лица. Во 2026 година истите се налалени за 25.943 денари.

- дополнително утврдени трошоци од минати години се трошоци кои не зависат од работењето, односно истите се јавуваат како резултат на сторнирањето на сметки кое се врши врз основа на извештај испратен еднаш месечно од ЈП Водовод, но оваа година на ова конто се евидентирани и трошоците за бенефициран стаж за период од 2011 до 2025 на четири вработени кои со исплатата на истиот го остварија и правото за пензија. Истите се зголемени за 1.315.342,00 денари.

- трошоците за камати се зголемени за 755.643,00 денари во споредба со истиот период во 2025 година. Ова зголемување се должи на исплатата на бенефициран стаж за кој се пресметува камата бидејќи исплатата на истиот е задоцнета.

Напомена : Извештајот е изработен врз база на евидентираните трошоци и приходи во сметководствената евиденција до месец мај 2026 година и планираните трошоци и приходи за месец јуни 2026 година.

Финансиски резултат

Од 01.01.2025 до 30.06.2025 година		**Од 01.01.2026 до 30.06.2026 година**	
Вкупни приходи ----------	**66.376.230,00**	**Вкупни приходи --**	**64.468.032,00**
Вкупни расходи----------	**73.933.678,00**	**Вкупни расходи ----**	**76.679.672,00**
Финансиски резултат	**- 7.557.448,00 денари**		**- 12.211.640,00 денари**

Од погоре изнесеното се гледа дека во првото полугодие од 2026 година КЈП Нискоградба Битола покажува негативен финансиски резултат од 12.211.640,00 денари.

ПРЕГЛЕД НА ОБВРСКИ И ПОБАРУВАЊА НА 30.06.2026 ГОДИНА

	30.06.2025	**30.06.2026**
Неплатени обврски кон добавувачи --------	11.864.234,00	11.771.698,00
Долгорочни обврски по кредити ----------	1.945.949,00	185.970,00
Вкупно обврски	**13.810.183,00 ден.**	**11.957.668,00 ден.**

Вкупно ненаплатени побарува	**30.06.2025**	**30.06.2026**
Побарувања од услуги	32.145.116,00	21.300.382,00
Побарувања за канализација од домаќинства	19.951.627,00	21.222.865,00
Побарувања за канализација од правни лица	32.142.408,00	28.718.508,00
Вкупни побарувања	**84.239.152,00 ден.**	**71.241.755,00 ден.**

Од прегледот се гледа дека вкупните обврски кон добавувачите за првото полугодие од 2026 година се намалени за 1.852.515,00 денари во однос на обврските за даденият период од 2025 година. Обврските кон добавувачи се скоро идентични со обврските во истиот период 2025 година, додека постои намалување на обврските за кредити за 90 %.

Побарувањата од купувачи покажуваат намалување за 15 %.

Заклучок

Во првите шест месеци од 2026 година КЈП Нискоградба Битола покажува негативен финансиски резултат од **12.211.640,00 денари.** Раководниот тим на КЈП Нискоградба ќе се ангажира кон остварување на финансиски резултат кој ќе обезбеди континуирано и непречено функционирање на претпријатието.

Изготвил:
Фанче Цветковска
Советник за финансова оперативa

Контролирал:
Наташа Стојановска
Помошник директор за финансии и правни работи

Директор на КЈП „Нискоградба" Битола
Зоран Талевски

„НИСКОГРАДБА“
БР. 02-742/4
20.07 2026 ГОД.
БИТОЛА

Врз основа на член 17 од Статутот на КЈП Нискоградба Битола и член 20 од Деловникот за работа на Управниот одбор на КЈП Нискоградба Битола,Управниот одбор на претпријатието на седницата одржана на ден 20.07.2026 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

За усвојување на Извештајот
за работењето на КЈП Нискоградба Битола
за периодот од 01.01.2026 до 30.06.2026 година

1. Се усвојува Извештајот за работењето на КЈП Нискоградба Битола за периодот од 01.01.2026 до 30.06.2026 година и констатира дека Извештајот ги содржи сите потребни податоци за да се добие генерална слика за работењето на претпријатието во наведениот период.

2. Истиот се доставува на понатамошно разгледување пред Советот на Општина Битола.

3. Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно Програмата за работа на Советот на Општина Битола, Управниот одбор на претпријатието на својата редовна седница го разгледа Извештајот за работењето на КЈП Нискоградба Битола за периодот од 01.01.2026 до 30.06.2026 година. Имајќи го во предвид Мислењето и предлогот по Извештајот на Одборот за контрола на материјално финансиското работење,одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

ДА СЕ ДОСТАВИ: -архива
-материјали за Управен одбор
-Сектор за финансии,сметководство и комерција
-Совет на Општина Битола
-Градоначалник на Општина Битола

Бр.02-742/4
20.07.2026 година
Битола

Управен одбор
Зам. Претседател
Александра Гичевска

„НИСКОГРАДБА"
бр. 02-741/4
17.07 2026 год.
БИТОЛА

До
Управниот Одбор
на КЛП Нискоградба Битола

ПРЕДМЕТ: Мислење на Одборот за контрола на
Материјално финансиското работење-
за извештај за работењето
на КЛП Нискоградба Битола за периодот од 01.01.2026 до 30.06.2026 година

Во согласност со член 27 став 3 од ЗЈП и член 7,8 од деловникот за работа на Одборот за контрола на Материјално финансиското работење при КЛП Нискоградба - Битола, Одборот за контрола на својата седница одржана на 17.07.2026 година го разгледа извештајот за работењето на КЛП Нискоградба Битола за период од 01.01.2026 до 30.06.2026 година и констатира дека Извештајот ги содржи сите потребни податоци за да се добие генерална слика за работењето во наведениот период.

Споредени прикажаните приходи и расходи во наведениот период констатирана е загуба од **12.211.640,00 денари**.

Извештајот се проследува до Управниот одбор за понатамошно разгледување и соодветно постапување.

17.07.2026 година

Одбор за контрола на материјално финансиско работење

1.М-р Зоран Соклевски _____
2.Марија Гацовска _____